Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15 и 4/19), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце**

1.Се прогласува Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце, донесена на 49-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 04.05.2021 година.

2.Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.08-583/1**
**04.05.2021 година**
**Ранковце**

**Општина Ранковце**
**Градоначалник**
**Ивица Тошевски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/02 ), член 63 ,став 5 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр.161 /19) и член 23 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.09/05 , 04/2010, 3/2011, 11/2015и 4/19), Советот на Општина Ранковце на седница одржана на 04.05.2021 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**За утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце**

член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Ранковце утврдува четири реони во кои се запишуваат ученици во ЦООУ „Христијан Тодоровски Карпош “ Ранковце.

член 2

Утврдени реони за запишување и следење на настава на ученици во основно училиште во Општина Ранковце се :

**Реон-1**: ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ Ранковце опфаќа ученици од населените места: Ранковце, Ветуница, Вржогрнци, Гулинци, Отошница, Опила, Љубинци, Милутинци и Гиновци.

**Реон-2**: ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ ПУ село Псача опфаќа ученици од населените места : Псача, Петралица,Баратлија и Одрено.

**Реон-3**: ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ ПУ село Радибуш ги опфаќа ученици од населеното место :Радибуш.

**Реон-4**: ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ ПУ село Герман ги опфаќа ученици од населените места : Станча, П`клиште, Герман и Криви Камен.

член 3

Учениците од населено место Радибуш наставата од VI до IX одделение продолжуват да ја следат во Реон 1, односно во ООУ „Христијан Тодоровски Карпош“ Ранковце.

член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

**Бр.09-571/5**
**04.05.2021година**
**Ранковце**

**Советот на Општина Ранковце**
**Претседавач**
**Моме Спасовски, с.р**

**С О Д Р Ж И Н А**

**1.** Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце;
**2.** Одлука за утврдување на реони за реонизација на училиштата на територијата на Општина Ранковце;

______________________________/______________________________